Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25,13/25 и 04/26) постапувајќи по барање на **МЕМИЦА ДОО** за сечење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 4 (четири) дрва (чемпреси) што се наоѓаат на паркингот **на бул."Илинден" бр.94А – Скопје.**
2. Сечењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение да изврши компензациско садење на 4(четири) дрва постари од 6 години на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно во пречник од 500 м од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**МЕМИЦА ДОО, бул."Илинден" бр.94А- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/414** од **15.05.2026** година за сечење на дрвата што се наоѓаат на паркингот **на бул."Илинден" бр.94А– Скопје.**

Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" –Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека се работи за стари и високи дрва коишто се навалени на паркингот и при посилно невреме дрвата се нишаат и постои опасност да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека поради состојбата во која се наоѓаат дрвата истите треба да се исечат при што е наметнато компензационо садење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/414/2**
**10.06.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT